Бр. 09-1795/2
06.06.2019 од.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 18 - та седница одржана на ден 03 јуни 2019 година донесе

О д л у к а

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-1795/1 од 07.03.2019 година, бидејќи во истиот нема сомневање за постоење на судир на интереси за да поведе постапка и да утврди судир на интереси.

Предметот со број 09-1795/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1795/1 од 07.03.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава за непотизам со наводи дека лице што е вработено во државна институција е сопруг на директорка за финансии во една фирма со државен капитал.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека во истата нема доволно податоци и елементи за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Нури Бајрами

Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk